Бр./Nr 12-1272/
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-3172/1 од 03.12.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на инспектор во ---- инспекторат (понатаму: ----), како и на овластен ---- инспектор, службеното лице и други вработени лица во одделението за урбанизам при општина ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи за предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со бр. 12-3172/1 од 03.12.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од познат подносител, на ден 03.12.2025 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во работењето на инспектор во ----, како и овластен ---- инспектор, службеното лице и други вработени лица во одделението за урбанизам при општина ---- и оформен е предмет бр. 12-3172/1 од 03.12.2025 година.

Пријавителот пријавува наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на инспекторот во Државниот ---- инспекторат ---- од ----, овластениот ---- инспектор ----, службеното

лице ----, како и други вработени лица во одделението за урбанизам при општина ----. Подносителот поднел барање за вршење на вонреден инспекциски надзор врз работењето на овластениот ---- инспектор во општина ----, ---- во врска со поднесената инцијатива од негова страна за вршење на вонреден инспекциски надзор во однос на примена на одредбите на Законот за градење и Законот за инспекциски надзор, но како што наведува во пријавата, не постапиле институциите по истата. Подносителот доставил пријави до повеќе институции ДКСК, ДУИ, Инспекцискиот совет, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (понатаму: ДИГУ), и Општина Струмица – Одделение за инспекциски работи.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации со кое/и побара ДИГУ и ДУИ да се изјаснат по наводите на пријавата доставена до ДКСК, како и да дадат одговор дали постапувале/постапиле по наводите на истата.

На 02.04.2026 година ДУИ ја извести ДКСК дека бил извршен вонреден инспекциски надзор во Општина ---- за што бил составен Записник Ип1 бр. ----, како и дека до подносителот на пријавата било доставено Известување Ип1 бр. ---- година.
Видно од Записникот било утврдено дека од страна на овластениот ---- инспектор ---- е постапено по барањето на подносителот, односно му се доставени: Известување бр. ---- година, примено од негова страна на ден ---- година и испратено дополнување на Известување бр. ---- година, односно постапено е согласно со член 40 од Законот за општата управна постапка. При инспекцискиот надзор управниот инспектор имајќи ја во предвид надлежноста утврдена во член 2 од Законот за управната инспекција, каде стои: "Управната инспекција го опфаќа надзорот над примената на Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, и другите закони што содржат одредби за управната постапка„ и имајќи го во предвид фактот што истиот не ја цени законитоста на донесените управни и реални акти, како и Начелото на превенција од член 14 од Законот за инспекциски надзор: "При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот првенствено врши превентивна функција, а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивна функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор", управниот инспектор не утврдил неправилности во работата на субјектот на надзорот.
Воедно, ДУИ со допис – Известување од ---- година, го известил подносителот за утврдената фактичка состојба согласно горенаведениот Записник.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - Државниот управен инспекторат, па оттаму утврди дека согласно Законот за спречување

на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б.Член на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата